

# ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ



**Владимир Величковски**, роден 31.12.1936 год. во Куманово. Завршил Шпу во Скопје. Студирал историја на уметност со археологија во Скопје. Член на ДЛУ на Куманово со неговото настанување, на ДЛУ на Македонија и на СЗЛУ на Југославија од 1968 год.

**Самостојни изложби:** 1964 и 1968 (со скулптура), 1970 и 1972 (со слики) во Куманово, 1988 во Панчево, 1989 во Куманово, 1992 во Скопје, Штип и Пробиштип

**Групни изложби:** Од 1958 на сите изложби на ДЛУК во Куманово и надвор, во Македонија и Југославија, 1968 на изложбите на ДЛУМ во Скопје, 1970-Суботица, "Ликовна средба" на графика и скулптура, 1971-Белград, "НОБ во делата на уметниците", 1972-Белград, "Свет во кој живееме"-цртеж, 1973-Крушевац (со Аврамовски, Атанасовски и Оцепек), 1974-Куманово и Скопје, "Збратимени уметници на Југославија", 1975-Белград и Скопје, "Надреалисти од Македонија", 1979-Битола и др. градови, "Сликари од Македонија", 1988-Скопје, Музеј на Македонија, "Надреализмот и неговите видови во современата македонска уметност", 1989-Скопје-Белград-Ерменија, "Уметници на Ерменија", 1990-Мајски салон, Куманово. Учествувал неколку пати на "Цртеж-ДЛУМ", ликовните колонии: Струмичка, "Прохор-Пчински", "Делибатски песок" и др. претставувања.

**Награди:** 1973-Ноемвриска награда за уметност на град Куманово. Добитник на неколку годишни награди на ДЛУК и признанија (за формирање на ДЛУК и Ликовна колонија "Прохор Пчински").

**Јавни изведени дела:** Спомен-обележје во Малотино, над 13 бисти на познати личности, пано за "Искра" и други помали обележја.

**Ликовна дејност:** Работи како ликовен педагог. Работи на сликарство, скулптура, дизајн и сценографија. Сликите се наоѓаат кај многу приватни и општествени сопственици во Југославија и во странство.

**Адреса:** Владимир Величковски, ателје: ул. "Тоде Димковски-Думба", 31-Куманово. Тел. бр. (0901) 32-171.







Дејноста на Владимир Величковски-Кумановски е тесно поврзана со градот Куманово, со неговиот културен, особено ликовен живот. Меѓутоа, неговото ликовно творештво, според своето значење, ги надминува тие граници. Првиот период во создавањето на овој уметник е исполнет со изработување скулптури (во гипс и дрво), кои што имаат редуцирани и пречистени форми, потсетувајќи на некои облици од примитивната уметност, како и извесни надреалистички белези. Треба да потсетиме дека Величковски е вајар по образование, оформено во Училиштето за применета уметност во Скопје, кај познатите професори Д.Тодоровски и Ј.Грабуловски. Со текот на времето, тој целосно му се посветува на сликарството, во кое ќе внесе дел од своите поранешни интересирања. Нашиот уметник во серијата слики создадени во 1972 година, по пример на надреалистите, го намали уделот на рационалното, за да го нагласи потсвесното во креативното создавање. Во нив не е спроведен "автоматизам" во постапката, туку напротив класичен сликарски третман (цртеж, тонска градација) со насликани човечки фигури-марионети предадени во скратување, како и вообличување разни предмети, реални или измислени, но поставени во нов контекст. Распоредот на елементите во композицијата, нивното онеобичување и создадената "атмосфера", го засилуваат ефектот на ирационалното и таинственото во овие слики. На тој начин е остварена напнатост на просторот во кој човечките фигури, кои се стилизирани до вкочанетост, претставуваат симболи на рационалното, но и на мистичкото во човекот. Всушност, тоа се анонимни фигури кои ја отелотворуваат униформноста, ако, сакаме и отуѓеноста на човекот.

Просторот во кој се поставени овие фигури, заедно со другите елементи, во сликата делуваат опустошено, но со една карактеристична нота на магичност и метафизичко траење. Величковски ни понуди една своја вознемирувачка визија на светот, од значење за надреалистичкото сликарство во Македонија. Во наредниот период Величковски изработува цртежи, најчесто во комбинирана техника, откривајќи немирен потег и жив колорит. Тоа се, некогаш, издвоени мотиви од претходната сликарска фаза, а често и "реалистички", од непосредната околина. Постепено, експресивноста се засилува, за да добие свои оформени карактеристични белези во најновата серија слики (1986/87).

Вознемиреноста како општо чувствување останува, но сега предадена во еден сосема поинаков ликовен јазик. Наместо поранешната сугестија на просторност, во сликата се развива првиот план, површината, а предметот ги губи јасните контури. Наместо задржаните тонови, формата и мазната фактура, се јавува интензивниот колорит, расцепкан потег, груба фактура. "Класичното" е заменето со "барокното", постепеноста со нагласена спонтаност. Оттука, пастозниот намаз, грчевитото вообличување на елементите во сликата, која станува слика на психолошки сосотојби. Тоа значи дека Величковски неколку пати се навраќа во изработување на платното, наизглед со импресионистичка леснотија која постепено се згуснува во експресионистичката целина. Аналитичноста во деловите се развива во колористички заситена треперливост на целата површина на сликата. Напнатоста ја зголемува употребата на црната боја, "оживеаните" површини

и форми, кои го сугерираат сеопфатниот принцип на животот, со еден вид пантеистички поглед на светот. Пејсажите на Величковски, насликани во околината на Куманово, имаат помирни форми од неговите полуфигуративни платна со некогаш двосмислени претстави. Оттука, извесната дискретна симболичност како, на пример, во сликата: "Убивање на злото", со асоцијација на темата: "Свети Ѓорѓи ја убива ламјата", лик кој претставува и божество на пролетта. Покрај тоа, Величковски наслика повеќе фигуративни композиции, платна со ликови на маски кои се вклопуваат во основната сликарска концепција, но, исто така, и дела кои се блиски, според карактеристиките на мотивот, на еден вид апстрактно-асоцијативен пејзажизам. Имајќи ги предвид сите овие белези, сликарството на Величковски од овој најнов период можеме да го определиме во еден вид неоекспресионизам, кој има длабоки корени во македонското сликарство.

Ликовен критичар,
Владимир Величковски



Експонати:

1. **ГОЛЕМА ГЛАВА** пастел, 63x85, 1984
2. **ЖЕНА СО КИНЃУРИИ** масло-цртеж, 50x71, 1986
3. **ПАРАДОКСАЛНА ПОЈАВА** масло-картон, 50x71, 1986
4. **АПОКАЛИПТИЧЕН СОН** масло-платно, 81x100, 1986
5. **БУБАЧКА II** масло-платно, 81x100, 1987/88
6. **МАСКИ (ЛИКОВИ)** масло-платно, 97x130, 1987
7. **ГЛАВАТА НА БИКОТ** масло-платно, 130x97, 1987
8. **СИГНАЛ** масло-платно, 130x97, 1988
9. **ВЕСТИ** масло-платно, 130x97, 1988
10. **СОБИР I** масло-платно, 81x100, 1988
11. **СОБИР II** масло-платно, 130-97, 1988
12. **УБИВАЊЕ НА ЗЛОТО** масло-платно, 97x130, 1988
13. **ГОЛЕМА МАСКА** масло-платно, 100x81, 1988
14. **ОВЧАР** масло-платно, 81x100, 1988
15. **ДРАМА НА ЕДНА НОЌ** масло-платно, 97x130, 1988
16. **ХАРМОНИЧЕН ПРЕДЕЛ** масло-платно, 130x97, 1989
17. **БЕЛА НОЌ** масло-платно, 100x81, 1990
18. **ПОЈАВА** масло-платно, 100x81, 1990
19. **КОЗЈАК** масло-платно, 100x81, 1990
20. **СИМБОЛИЧЕН ПРЕДЕЛ** масло-платно, 81x81, 1990
21. **ЉУБОВ** масло-платно, 81-65, 1990
22. **ПИЕТА** масло-платно, 100x81, 1990
23. **БАЛКАНСКА НЕВЕСТА** масло-платно, 81x81, 1990
24. **ЖЕНА СО ЦВЕТ** масло-платно, 65x81, 1990
25. **ЛИКОВИ (ЗБЕГ)** масло-платно, 65-65, 1990
26. **СЛИКА-ПЕЈСАЖ** масло-платно, 65-65, 1990
27. **ЛИКОВИ II** масло-картон, 101x71, 1990/91
28. **ПАЃАЊЕ II** масло-платно, 81x81, 1991
29. **ПРЕТЧУСТВО** масло-картон, 101x71, 1991
30. **МАЈКА** масло-платно, 130x97, 1991
31. **ГАВРАН II** масло-платно, 100x81, 1991
32. **ТОПОЛ ПРЕДЕЛ** масло-платно, 155x115, 1991
33. **БОРБА НА ПЕТЛИ** масло-картон, 101x71, 1991
34. **ТРЕПЕРЕЊЕ** масло-платно, 81-81, 1991
35. **КАСАЊЕ** масло-платно, 130-97, 1991
36. **СОН И ЈАВЕ** масло-картон, 71x101, 1991
37. **ПЕЈЗАЖ** масло-картон, 101x71, 1991
38. **ТРИУМФАЛЕН ПРЕДЕЛ** масло-платно, 130-97, 1987
39. **АВТОПОРТЕТ** масло-платно, 50-61, 1989




ОРГАНИЗАТОР И ИЗДАВАЧ:
**ДОМ НА КУЛТУРАТА "ЈОСИП БРОЗ ТИТО"-КУМАНОВО**
ПРЕДГОВОР И ПОСТАВКА НА ИЗЛОЖБАТА:
**ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ-ЛИКОВЕН КРИТИЧАР**
ФОТО&ДИЗАЈН
**М.СТОЈАНОВСКИ-БАТО**
ГРАФИЧКА ПОДГОТОВКА:
**"ПОСТ СКРИПТ"-КУМАНОВО И "СКЕН ПОИНТ"-СКОПЈЕ**

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА - КУМАНОВО, јуни 1993